# З А П И С Н И К

**од Четириесет и петтата седница на Владата на Република Македонија,**

**одржана на 26.12.2017 година**

**Скопје, декември 2017 година**

**З А П И С Н И К**

**од Четириесет и петтата седница на Владата на Република Македонија,**

**одржана на 26.12.2017 година**

Седницата започна во 13:35 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Билен, Саљији, министер за правда, д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Рената Дескоска, министер за образование и наука, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање и м-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Мухамед Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Љубиша Ристиќ, директор на Македонски железници Транспорт АД-Скопје, Климент Чепуњоски и Фахрудин Хамиди од АД М-НАВ Скопје, Игор Тантуровски претседател на Државната комисија за спречување на корупцијата, Кристијан Трајковски, директор на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, Иринка Сотирова Бухова, директор на Државниот санитарен и здравствен инспекторат Емилија Радојкова од Државното правобранителство на Република Македонија и Златко Николовски, нотар.

Од седницата отсуствуваа Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 35-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 3.11.2017 година

- Усвојување на Записникот од 40-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 28.11.2017 година

**Пред преминување на Дневен ред**

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) гости**

1. Барање за субвенционирање на проектите бесплатни викенди за превоз во железничкиот сообраќај

2. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација 02, финасиран со кредит за долгорочно задолжување од ЕБОР, со Ревидиран акциски план на М-НАВ А.Д Скопје за реализација на проектите финансирани со заем од ЕБОР (септември 2017 година)

3. Информација за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Државна фитосанитарна лабораторија, со Предлог-одлука

4. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државниот инспекторат за животна средина

5. Информација за потребата за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Албанија, Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Грузија, Казакстан, Киргистан, Литванија, Молдавија, Монголија, Црна Гора, Република Македонија, Романија, Русија, Србија, Таџикистан, Туркменистан, Украина, Узбекистан и Организацијата за економска соработка и развој.

**б) економски систем и тековна економска политика**

6. Предлог-закон за изменување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија, по скратена постапка

7. Информација во врска со следење на Договорот за финансиска поддршка со Wizz Air, со прилози

8. Предлог-тарифник за дополнување на Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација и рударските проекти

9. Информација за формирање на Комисијата за спроведување на Јавен повик за доделување на концесии за вршење на проспекциски геолошки истражувања на метлични минерални суровини на три простори Северозападен регион, Западноцентрален регион и Југозападен регион, со Предлог-решение

10. Информација во врска со поднесените иницијативи за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите „Црвени Брегови“, Општина Неготино, „Дризла“, Општина Студеничани, „с.Ново Село“, Општина Штип и „Рафче“ Општина Сарај“, со Предлог-одлука

11. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини за локалитетите „Самарница“ општина Прилеп и општина Долнени и „Стари Присад Стена“ општина Прилеп и тендерската документација за спроведување на постапката по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“, бр. 177/2017), со Јавен повик и Тендерска документација

12. Извештај за спроведување на мониторингот во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на производите за заштита на растенијата, како и нивните резидуи во производите од примарно земјоделско производство за 2016 година

**в) политички систем**

13. Предлог-закон за дополнување на Законот за судовите

14. Предлог-закон за дополнување на Законот за извршување на санкциите

15. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за јавнообвинителска служба

16. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка

17. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство

18. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за народниот правобранител

19. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи

20. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за полиција

21. Предлог-закон за следење на комуникациите

22. Предлог-закон за Оперативно - техничка агенција

23. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации

24. Предлог-закон за дополнување на Законот за класифицирани информации

25. Предлог-закон за ратификација на Конвенцијата за организации на рурални работници, 1975 (C 141)

26. Информација со Акциски план за периодот 1 јануари-31 декември 2018 година, за прием на барања и издавање на пасоши преку дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во Мелбурн, Канбера, Чикаго, Њујорк, Детроит, Торонто, Берлин (вклучително и Конзуларното одделение во Бон), Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим, Венеција, Виена и Љубљана

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

27. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот заштита на децата

28. Предлог-закон за изменување на Законот за инспекцијата на труд

29. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност

30. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за спречување и заштита од дискриминација

31. Информација за пристапување на Република Македонија кон глобалното партнерство „Global Deal“, со Анекс I - Листа на партнери во глобалното партнерство „Global Deal“

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) економски систем и тековна економска политика

32. Предлог-одлука за еднostran раскин на Договорот за давање концесија на риби за организирање на рекреативен риболов со бр. 41-6485/1 од 22.08.2012 година на рекреативната зона „Акумулација Ратево"

33. Предлог-одлука за еднostran раскин на Договорот за давање концесија на риби за организирање на рекреативен риболов со бр. 41-6484/1 од 22.08.2012 година на риболовниот ревир „Брегалница 1"

34. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на удел во Друштвото за производство, трговија и услуги АКВА КОКИНО ДООЕЛ с.Драгоманце, Старо Нагоричане

35. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на Трговското друштво за производство проектирање и инженеринг ВАРДАРГРАДБА ДОО с.Трубарево - Скопје на локалитетот „Подцуцул", Општина Сопиште

### б) политички систем

36. Предлог-одлука за времено укинување на визите за краткорочен престој (виза Ц) во Република Македонија за странски државјани носители на важечка британска, американска и канадска виза

37. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за информатичко општество и администрација

38. Барање на Сејфеттин (Сејдин) Куртиш, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

39. Барање на Јусуф Доган, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

40. Барање на Атак Фират, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

41. Барање на Солак Ефкан, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

42. Барање на Доган Махмут, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

43. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово

44. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ - Битола

45. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје

46. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ - Кичево

47. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје

48. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружението библиотека „АЛ-БИ“ с.Бабино - Демир Хисар

49. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ - Штип

50. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово

51. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје

52. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Службата на Собранието на Република Македонија

53. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево

54. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје

55. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес

56. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на 0пштина Ресен

57. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица

58. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје

59. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија

60. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе

61. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје

62. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Македонската академија на науките и уметностите

63. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски“ при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје

64. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани

65. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура-Крива Паланка

66. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола

67. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа-Библиотека „Кочо Рацин“ - Тетово

68. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци

69. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип

70. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово

71. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура-Крива Паланка

72. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор на Владата на Република Македонија

73. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница

74. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“-Скопје

75. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Битола

76. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино

77. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп

78. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крушево

79. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип

80. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“-Штип

81. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“-Битола

82. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот „Св.Климент Охридски“-Битола

83. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“-Скопје

84. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“-Скопје

85. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“-Скопје

86. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Фармацевтскиот факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“-Скопје

87. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Економскиот факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“-Скопје

88. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Машинскиот факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“-Скопје

89. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“-Скопје

90. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Технолошко металуршки факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“-Скопје

91. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“-Скопје

92. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“-Скопје

93. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Економски институт при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“-Скопје

94. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“-Скопје

95. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот во Тетово

96. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот во Тетово

97. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крушево

98. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево

99. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје

100. Предлог-одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Општина Крушево

101. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Национална установа Театар за деца и младинци-Скопје

102. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државното училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“-Скопје

103. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националниот сојуз на слепите на Република Македонија

104. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Скопје

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

105. Годишна програма за работа на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2018 година и Финансискиот план на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2018 година, со предлог-одлуки

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

106. Иницијатива од Стамен Филипов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.139/17 за оценување на уставноста на член 112 став 2 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15)

107. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 277 став 1 и член 280 став 1 од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“, бр.79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015), поднесена од Борис Поповски од Битола

108. Понуда од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.1915 за КО Нерези на КП 823

109. Понуда од нотар Нерџиван Идризи од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2798 за КО Сингилиќ 2 на КП бр.2223 викано/место Р.Каскалиевиќ

110. Понуда од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.6944 за КО Драчево 2 на КП бр.2567 викано /место Локва

111. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот - земјиште кое претставува 35/96 идеален дел од КП бр.3933/2 за КО Бутел, запишано во Имотен лист бр.103889 на викано место улица Населба

**д) други предлози**

112. Кадровски прашања

113. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

114. Финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО Скопје во четврт квартал (октомври-декември) од 2016 година

115. Информација за текот и активностите за реализација на проектот „Изградба на катни гаражи“

116. Информација за текот на активностите за реализација на проектот „Изградба на административна зграда за потребите на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје“, со дополнувањето кон неа

117. Информација во врска со Одлуката бр.02-9983/4 од 3.11.2017 година, донесена од Одборот на Директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

118. Информација за потребите за микрочипирање (идентификација) на домашните миленици и нивно регистрирање во информациониот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство

119. Информација за извршените контроли за квалитетот на детските играчки кои се продаваат на територијата на Република Македонија, за втор квартал од 2017 година

120. Информација за извршените контроли за квалитетот на детските играчки кои се продаваат на територијата на Република Македонија за трет квартал од 2017 година

121. Информација за реализација на мониторинг програми од областа на здравјето на растенијата во 2016 година (семенски и меркантилен компир, овошни видови и винова лоза, градинарски култури на отворено и во затворен простор и тутун)

122. Информација за прогрес во врска со имплементацијата на Акцискиот план за периодот 1 јануари-31 декември 2017 година, за прием на барања и издавање на пасоши преку дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во Мелбурн, Канбера, Чикаго, Њујорк, Детроит, Торонто, Берлин, Бон, Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим, Венеција, Виена и Љубљана, за период 1 јануари-20 септември 2017 година

123.Информација со Акциски план за текот и прогресот на активностите во врска со Проектот - Изградба на амбуланта во населено место Секирци

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

124. Информација за статусот на реализацијата на листата на акти и материјали коишто министерствата согласно закон се обврзаа да ги објават на своите веб-страници

125. Предлог-закон за изменување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост

126. Информација за задолжување на Општина Ранковце кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, со текст на Договор за кредит и Предлог-одлука
127. Информација за задолжување на Општина Босилово кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, со текст на Договор за кредит и Предлог-одлука

128. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за ослободување од обврска за користење на интегриран автоматски систем за управување на вршителите на авто - такси превоз на патници

129. Извештај за спроведување на Законот за субвенционирање на станбен кредит, со Предлог-одлука за времетраењето на јавниот повик и бројот на јавни повици за пријавување на граѓани за добивање субвенциониран станбен кредит во 2018 година

130. Информација во врска со поднесеното барање на ТХОР ИМПЕКС ДООЕЛ, Скопје за издавање на овластување за изградба на ветерна електрана „Богословец“

131. Предлог-одлука за давање согласност за склучување на Анекс на Договор (за продолжување на рокот на договорот за повеќегодишна јавна набавка за печатење на стручни дела од проектот „Врвови на светската филозофија, историја и психологија со психоанализа“ заведен со арх. бр.51-258/31 од 5.5.2014 година)

132. Информација за потребата од основање нова национална установа „Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Македонија“-Скопје

133. Годишен извештај за спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија за 2016 година

*

*   *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 35-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 3.11.2017 година и Записникот од 40-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 28.11.2017 година.

*

*   *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

Владата по повод Планот 3-6-9 (статус 25.12.2017 година) го задолжи д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Македонија веднаш да стапи во контакт со координаторот на Националниот комитет за спречување на насилниот екстремизам и борба против тероризам, заради најитно извршување на обврската за организирање на јавни трибини со претставници на граѓанскиот сектор, локалната самоуправа, верските заедници, експертската и научната јавност со цел дефинирање и имплементирање на соодветни мерки за превенција од насилен екстремизам и борба против тероризам.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Барањето за субвенционирање на проектите бесплатни викенди за превоз во железничкиот сообраќај, со следното укажување:

Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Секретаријатот за законодавство и МЖ Транспорт АД-Скопје, да остварат средба за да се изгради единствен став во однос на можноста за проширување на Одлуката за субвенционирање за патничкиот сообраќај (ПСО) при што средствата би се искористиле за субвенционирање на бесплатното патување во железничкиот сообраќај и на првата седница на Владата во 2018 година, да ја информираат Владата за истото.

**Точка 2**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација 02, финасиран со кредит за долгорочно задолжување од ЕБОР, со Ревидиран акциски план на М-НАВ А.Д Скопје за реализација на проектите финансирани со заем од ЕБОР (септември 2017 година) и притоа заклучи:

1. Се препорачува на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги на воздухопловната навигација М-НАВ АД да изготви анализа за подготвеноста за отпочнување на реализација на Проектот, со цел да се превенираат неусогласеноста во роковите за инсталирање на соодветната опрема со роковите за реализација на градежниот дел од Проектот.

2. Се препорачува на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги на воздухопловната навигација М-НАВ АД да подготви правна и финансиска анализа за Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација 02, финасиран со кредит за долгорочно задолжување од ЕБОР.

3. Се препорачува на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги на воздухопловната навигација М-НАВ АД да одржи координативен состанок со Министерството за транспорт и врски во однос на начинот и динамиката за реализација на градежниот дел од Проектот.

Согласно ова, се препорачува на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги на воздухопловната навигација М-НАВ АД да подготви и до 15 јануари 2018 година до Владата да достави нова информација со нов динамичен план, врз основа на овие заклучоци.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Државна фитосанитарна лабораторија, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државна фитосанитарна лабораторија, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државниот инспекторат за животна средина (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Албанија, Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Грузија, Казакстан, Киргистан, Литванија, Молдавија, Монголија, Црна Гора, Република Македонија, Романија, Русија, Србија, Таџикистан, Туркменистан, Украина, Узбекистан и Организацијата за економска соработка и развој, ја усвои Информацијата и заклучи да и препорача на Државната комисија за спречување на корупцијата да ги обезбеди потребните наменски средства во висина од 7000 евра од својот Буџет за 2018 година и да ги планира потребните средства за оваа намена во буџетот за 2019 година.

**Точка 6**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија, по скратена постапка, го утврди како Предлог-закон за изменување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и м-р Ремзи Мехмеди, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереник Лилјана Поповиќ, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со следење на Договорот за финансиска поддршка со Wizz Air, со прилози, ја усвои и го донесе следниот заклучок:

- Имајќи ги предвид одредбите од Договорот за финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Македонија, преку Министерството за транспорт и врски и Wizz Air Hungary Ltd, под бр.02-118/1 од 8.1.2015 година, се прифаќа ограничување на операции или нивно целосно укинување за време на католичкиот Божиќ и новогодишните празници, согласно деловната политика на авиопревозникот Wizz Air, односно не оперирање на некои од дестинациите во тој период од аеродромите „Александар Велики“-Скопје и „Св. Апостол Павле“-Охрид и заклучи да не го раскине Договорот за финансиска поддршка, склучен помеѓу Владата на Република Македонија, преку Министерството за транспорт и врски и Wizz Air Hungary Ltd, под бр.02-118/1 од 8.1.2015 година

**Точка 8**

Владата на предлог на м-р Крешник Бектеши, министер за економија, го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-тарифникот за дополнување на Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација и рударските проекти.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисијата за спроведување на Јавен повик за доделување на концесии за вршење на проспекциски геолошки истражувања на металични минерални суровини на три простори Северозападен регион, Западноцентрален регион и Југозападен регион, со Предлог-решение (нов текст), ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесии за вршење на проспекциски геолошки истражувања на металични минерални суровини, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со поднесените иницијативи за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите „Црвени Брегови“, Општина Неготино, „Дризла“, Општина Студеничани, „с.Ново Село“, Општина Штип и „Рафче“ Општина Сарај“, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата да се направи дополнителна анализа по предметниот материјал и други слични материјали, имајќи го предвид квалитетот на воздухот во Скопје и други одредени градови во Република Македонија, па потоа Владата да заземе став.

**Точка 11**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини за локалитетите „Самарница“, општина Прилеп и општина Долнени и „Стари Присад Стена“ општина Прилеп и тендерската документација за спроведување на постапката по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“, бр. 177/2017), со Јавен повик и Тендерска документација, за наредната седница на Владата, поради потребата да се направи дополнителна анализа по предметниот материјал и други слични материјали, имајќи го предвид квалитетот на воздухот во Скопје и други одредени градови во Република Македонија, па потоа Владата да заземе став.

**Точка 12**

Владата го разгледа Извештајот за спроведување на мониторингот во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на производите за заштита на растенијата, како и нивните резидуи во производите од примарно земјоделско производство за 2016 година (нов текст), го усвои и го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство наредниот Извештај за 2017 година да го достави во предвидениот законски рок, најдоцна до април 2018 година.

**Точка 13**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за дополнување на Законот за судовите го утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Билен Саљији, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници Зулфи Адили, државен секретар во Министерството за правда и Валентина Шаурек, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 14**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за дополнување на Законот за извршување на санкциите го утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Билен Саљији, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници Зулфи Адили, државен секретар во Министерството за правда и Јовица Стојановиќ, директор на Управата за извршување на санкции.

**Точка 15**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за јавнообвинителска служба, го утврди согласно расправата на седницата на Владата и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Билен Саљији, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници Зулфи Адили, државен секретар во Министерството за правда и Маја Малјановска, раководител на сектор во Министерството за правда.

**Точка 16**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка (најнов текст) и го утврди со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда, во соработка со Работната група, да го усогласи текстот на Предлог-законот, согласно расправата на седницата на Владата.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Билен Саљији, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници Зулфи Адили, државен секретар во Министерството за правда и Никола Прокопенко, раководител на сектор во Министерството за правда.

**Точка 17**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство (најнов текст), го утврди согласно расправата на седницата и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Билен Саљији, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници Зулфи Адили, државен секретар во Министерството за правда и Никола Прокопенко, раководител на сектор во Министерството за правда.

**Точка 18**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за народниот правобранител, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на Предлог-законот со Министерството за внатрешни работи и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 19**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 20**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за полиција, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 21**

Владата го разгледа Предлог-законот за следење на комуникациите (најнов текст) и го утврди со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, во соработка со Работната група, да го усогласи текстот на Предлог-законот, согласно расправата на седницата на Владата.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 22**

Владата го разгледа Предлог-законот за Оперативно-техничка агенција (најнов текст) и го утврди со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, во соработка со Работната група, да го усогласи текстот на Предлог-законот, согласно расправата на седницата на Владата.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 23**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации (нов текст) и го утврди со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Работната група, да го усогласи текстот на Предлог-законот, согласно расправата на седницата на Владата.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

Согласно член 22 од Законот за управните спорови, ако второстепениот орган во рок од 60 дена или во пократок рок определен со посебен пропис не донел решение по жалбата на странката против првостепеното решение, а не го донесе ниту во рок од седум дена по повторното барање, странката може да поведе управен спор како да е одбиена жалбата (став 1). На начинот пропишан во став 1 на овој член може да постапи странката и кога по нејзиното барање не донел решение првостепениот орган против чиј акт нема место за жалба (став 2). Ако првостепениот орган против чиј акт има место за жалба во рок од 60 дена или во пократок рок определен со посебен пропис не донел решение по барањето, странката има право со своето барање да се обрати до второстепениот орган.

Против решението на второстепениот орган, странката може да поведе управен спор, а под условите од став 1 на овој член и ако овој орган не донел решение (став 3).

Согласно Законот за општата управна постапка, управните правни лекови не се само инструмент во рацете на граѓаните со кои тие ги бранат своите права во однос на некој управен орган. Тие исто така се алатка за самоконтрола на управните органи бидејќи на надзорните управни органи им даваат можност да ги утврдат системските грешки и со тоа општо да ја подобрат управната пракса во однос на слични предмети. Значи, главните цели на правните лекови во Законот се да се воведе ефективен, лесен и економичен начин за да се заштитат законските права на странките пред поднесување жалба пред управните судови, да се обезбеди можноста и должноста за ефикасна самоконтрола на управните органи, да се намали оптовареноста на управните судови преку решавање на предметите во рамки на внатрешните постапки за правни лекови. Процедуралните решенија не треба посебно да се оспоруваат. Според Законот, по правило процедуралните решенија можат да се оспорат само преку жалба против материјалното управно решение, т.е. конечното решение (управен акт). Сите управни органи своите задачи треба да ги вршат според владеењето на правото, независно од тоа кој вид на дејство е преземено.
Според тоа, со Законот се овозможува правото на правен лек не само против управни акти или не донесување управни акти, туку исто така против сите други управни дејства и се обезбедува сложен систем на внатрешна контрола во рамки на управните органи, што е од исклучително значење бидејќи управните активности не се ограничени само на управни акти.

Согласно наведеното произлегува дека законодавецот во Законот за општата управна постапка, во делот кој се однесува на правните лекови ги предвидел сите можни дејствија на заштита на странката во управната постапка, при што го имал во превид и институтот „молчењето на администрацијата", како на првостепениот орган, така и на второстепениот орган што одлучува во постапка по жалба, односно и оставил можност на странката кога второстепениот орган нема да го реши предметот во рамки на законски утврдениот рок странката да има право да си поведе управен спор, што во ни еден случај не е спротивно со член 22 од Законот за управните спорови со оглед дека во став 1 од наведениот член е утврдено дека ако второстепениот орган во рок од 60 дена или во пократок рок определен со посебен пропис не донел решение по жалбата на странката против првостепеното решение, а не го донесе ниту во рок од седум дена по повторното барање, странката може да поведе управен спор како да е одбиена жалбата.

Имајќи го предвид горенаведеното со оспорениот член 112 став 2 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), не се повредени одредбите од член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 112 став 2 од Законот за општата управна постапка.

## Точка 107

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 277 став 1 и член 280 став 1 од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“, бр.79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015), поднесена од Борис Поповски од Битола и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата наведува дека член 277 став 1 и член 280 став 1 не се во согласност со член 8, 9, 54 од Уставот на Република Македонија и како причина го наведува нееднаквиот третман на тужителот во однос на тужениот.

Подносителот на Иницијативата смета дека наведените законски одредби го ставаат во многу понеповолна и дискриминирана улога тужителот, како и дека со истите се крши еднаквоста на граѓаните тужители во судските спорови, односно дека многу поригорозни последици се предвидени за тужителот од евентуален негов изостанок од подготвително рочиште или главна расправа, отколку за тужениот и дека санкцијата изречена со судска одлука за присилно повлекување и отфрлање на неговата тужба претставува крај на остварувањето на правото на судска заштита.

Воедно, подносителот на Иницијативата наведува дека во спорните одредби од Законот се оперира со поимот тужител без воопшто да се спомне полномошникот на тужителот, односно неговиот адвокат и констатира дека доколку поради намерен изостанок на неговиот полномошник, за што тужителот како странка нема вина или влијание, истиот ќе претрпи социјални и економски последици со присилно повлекување на неговата тужба со одлука на судот, кој не прави разлика помеѓу поимите „тужител“ и „полномошник на тужител“ туку сите последици ги товари врз грбот на тужителот.

Согласно член 1 од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“, бр. 79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015) со овој закон се

уредуваат правилата на постапката врз основа на кои судот расправа и одлучува во споровите за основните права и обврски на човекот и граѓанинот, за личните семејните односи на граѓаните како што се работните, трговските, имотните и другите граѓанско-правни спорови, ако со закон за некои од тие спорови не е определено за нив судот да решава според правилата на некоја друга постапка.

Согласно член 10, судот е должен постапката да ја спроведе без одолжување, во разумен рок, со што помалку трошоци и да ја оневозможи секоја злоупотреба на правата што на странките им припаѓаат во постапката.

Согласно член 80, странките можат да преземаат дејствија во постапката лично или преку полномошници, но судот може да ја повика странката која има полномошник пред судот лично да се изјасни за фактите што треба да се утврдат во парницата. Странката што ја застапува полномошник може пред суд и да дава изјави и покрај својот полномошник.

Согласно член 81, полномошник на странката може да биде: адвокат, лице дипломиран правник кое со странката е во работен однос и роднина по крв во прва линија, брат, сестра или брачен другар, доколку е потполно деловно способен.

Согласно член 83, дејствијата во постапката што полномошникот ги презема во границите на полномошното имаат исто правно дејство како да ги презела самата странка.

Согласно член 86, ако странката му издала на адвокатот полномошно за водење на парничната постапка, а поблиску не ги определила овластувањата во полномошното, адвокатот врз основа на таквото полномошно е овластен да ги врши сите дејствија во постапката, а особено да поднесе тужба, да ја повлече тужбата, да го признае тужбеното барање или да се одрече од тужбеното барање, да склучи порамнување, да поднесе правен лек и да се одрече или откаже од него, од спротивната странка да ги прими досудените трошоци, како да бара издавање на привремени мерки за обезбедување.

Согласно член 90, странката може во секое време да го отповика полномошното, а полномошникот може во секое време да го откаже полномошното.

Согласно член 109, ако странката пропушти рочиште или рок за преземање на некое дејствие во постапката и поради тоа го загуби правото на преземање на тоа дејствие, судот на таа странка на нејзин предлог ќе и дозволи дополнително да го изврши тоа дејствие (враќање во поранешна состојба), ако оцени дека постојат оправдани причини за пропуштањето.

Кога ќе се дозволи враќање во поранешна состојба, постапката се враќа во онаа состојба во која се наоѓала пред пропуштањето и се укинуваат сите одлуки што ги донел судот поради пропуштањето.

Согласно член 277 став 1, ако на подготвителното рочиште не дојде тужителот кој уредно е поканет, а изостанокот не го оправда, тужбата се смета за повлечена, ако со тоа се согласил тужениот, а ако тужениот не е присутен, тужбата ќе се смета за повлечена ако во рок од осум дена по приемот на известувањето за повлекувањето не се изјаснил дека на тоа се противи.

Согласно член 280 став 1, ако на првото рочиште за главна расправа, како и на некое подоцнежно рочиште не дојде тужителот кој уредно е поканет, а изостанокот не го оправдал, тужбата се смета за повлечена согласно со член 277 став (1) од овој закон.

Согласно член 2 од Законот за адвокатура („Службен весник на Република Македонија", бр. 59/2002, .... 113/2012), адвокатурата е самостојна и независна јавна служба која обезбедува и дава правна помош, согласно овој и друг закон и адвокатите вршат јавни овластувања во согласност со овој и други закони. При остварувањето на адвокатската дејност, адвокатот се раководи исклучиво од интересите на странката кои ги заштитува на најдобар начин со законски средства.

Согласно член 15 од Закон за адвокатура, адвокатот е слободен, самостоен и независен во својата работа и во рамките на законот, актите на Комората и овластувањето самостојно одлучува за начинот на застапување на правата и интересите на странката.

Согласно член 30 став 1 од истиот закон адвокатите се одговорни за стручно и совесно вршење на адвокатската должност и за чување на угледот на адвокатурата.

Согласно член 37-а став 1 од истиот закон адвокатот е должен да се осигура од одговорноста за штета која би ја сторил на трети лица со намера при вршење на адвокатската дејност.

Имено, ставот на предлагачот на Иницијативата е произволна интерпретација на одредбите на Законот за парнична постапка и одредбите на Уставот на Република Македонија.

Ова од причина што секоја странка има право да одлучи дали сама ќе ги штити своите интереси пред суд или ќе избере и ополномошти стручно лице, односно адвокат да ја застапува пред суд во нејзино име и за нејзина сметка. Странката може во секое време да го откаже полномошното дадено адвокат и да ангажира друго лице или само да се застапува пред судот.

Адвокатот е должен да ги штити правата и интересите на странката стручно и професионално. Ако адвокатот намерно предизвика штета на странката која ја застапува, должен е да ја надомести истата во целост.

За да се смета за тужбата повлечена потребно е да се исполнат одредени предуслови, а тоа е тужителот да е уредно поканет и изостаноокт да не го оправда. Доколку тужителот не дојде на рочиштето, а изостанокот го оправда тогаш рочиштето се одлага.

Адвокатот како стручно лице е свесен дека ако изостанокот не го оправда последиците ќе паднат на товар на странката која ја застапува и е должен да трпи штетни последици. Во таа конотација е и одредбата од Законот за адвокатура со која се предвидува адвокатот да биде осигуран за штета спрема трети лица.

Законот за парнична постапка од своја страна поседува заштитен механизам за да се спречат негативните последици на штета на странките, а тоа е институтот „враќање во поранешна состојба".

Ако странката пропушти некое дејствие (во овој случај рочиште) има право да бара враќање во поранешна состојба и тоа во онаа фаза на постапката кога се случило пропуштањето на дејствието (во овој случај-рочиште).

Согласно тоа не може иницијаторот да се повика на заштита на правата кога истиот не постапил според правилата на истата постапка, а со цел заштита на своите права и интереси.

Од друга страна законодавецот во член 320 од Законот за парничната постапка предвидел санкција и за тужениот доколку не дојде на подготвително рочиште или на прво рочиште за главната расправа, судот може да донесе пресуда поради изостанок.

Се смета дека не е сторена повреда на членовите 8, 9 и 54 од Уставот на Република Македонија, бидејќи со оспорените законски одредби не се нарушува концептот на Република Македонија како социјална држава, основните слободи и права на човекот и граѓанинот, принципот на владеење на правото, хуманизмот, социјалната правда и солидарноста, принципот на еднаквост на граѓаните, а истите се во согласност со Уставот на Република Македонија.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија, да ја отфрли како неоснована Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 277 став 1 и член 280 став 1 од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“, бр.79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015), поднесена од Борис Поповски од Битола.

## Точка 108

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.1915 за КО Нерези на КП 823 и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 109

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Нерџиван Идризи од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2798 за КО Сингилиќ 2 на КП бр.2223 викано/место Р.Каскалиевиќ, за наредната седница на Владата откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по Понудата со дополнувањето.

## Точка 110

Владата ја разгледа Понудата од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.6944 за КО Драчево 2 на КП бр.2567 викано /место Локва и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 111

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот - земјиште кое претставува 35/96 идеален дел од КП бр.3933/2 за КО Бутел, запишано во Имотен лист бр.103889 на викано место улица Населба и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 112

1. Владата заклучи на претседателот и членовите на Комисијата за посредување во авторското право и сродните права, да им утврди право на месечен надомест во висина од 10.000,00 денари (за секој поединечно), за месеците за кои Комисијата ќе достави до Министерството за култура извештај за извршената работа, согласно нивната надлежност. Исплата на надоместокот ќе се врши од средствата обезбедени во Буџетот на Република Македонија за култура, односно за Министерството за култура.“

2. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Тутунски комбинат АД Прилеп да го отповика Ѓорги Михаилов од должноста неизвршен член на Одборот на директори, поради судир на интереси, на негово барање, и за неизвршен член на Одборот на директори да го избере Златко Сарев.

3. Владата го разреши Самка Ибраимовски од должноста член на Комисијата за политички систем.
3.1. Владата го именува Аксел Ахмедовски, министер без ресор, за член на Комисијата за политички систем.
4. Владата го разреши д-р Арбен Таравари од должноста член на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.
4.1. Владата го именува д-р Венко Филипче, министер за здравство за член на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

5. Владата го разреши д-р Арбен Таравари од должноста член на Комисијата за приватизација.

5.1. Владата го именува д-р Венко Филипче, министер за здравство за член на Комисијата за приватизација.

6. Владата од должноста членови на Комисијата за станбени прашања, ги разреши:

- д-р Арбен Таравари
- Самка Ибраимовски.

6.1. Владата за членови на Комисијата за станбени прашања ги именува:

- д-р Венко Филипче, министер за здравство и
- Аксел Ахмедовски, министер без ресор,

7. Владата го разреши Самка Ибраимовски од должноста член на Комисијата за именување.
7.1. Владата го именува д-р Венко Филипче, министер за здравство за член на Комисијата за именување.

8. Владата го именува Аце Јованов за член на Надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта.

9. Владата за членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиско работење на ЈП за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен”-Скопје, ги именува:

- Томче Ѓуровски,
- Сами Синани и
- Михајло Илиевски.

10. Владата ја именува Татјана Атанасова за член на Управниот одбор-претставник од редот на стручните работници на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје.

11. Владата го именува Вања Велевски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци.

12. Владата го именува Костадин Младенов за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Кавадарци.

13. Владата ја разреши Вијолета Тасева од должноста член на Управниот одбор-претставник од редот на стручните работници на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино.

13.1. Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино, ги именува:

претставник на основачот
- Благица Павлова

претставник од редот на стручните работници на
- Љубинка Давидова.

14. Владата за членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за берзанско работење „Агро -берза“-со П.О. Скопје, ги именува:

- Кире Трампески и
- Тимо Крстев.

15. Владата ја именува Афродита Рамадани за член на Управниот одбор на ЈП за берзанско работење „Агро-берза“со П.О. Скопје.

16. Владата ја разреши Елена Антониевиќ од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Детски дом „11 Октомври“-Скопје, на нејзино барање.

17. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да го разреши Зоран Стојановски од должноста член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, на негово барање.

18. Владата го разреши Зоран Стојчевски од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството-Битола, на негово барање.

19. Владата го именува Андреа Соколовски за вршител на должноста директор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството-Битола и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

20. Владата за членови на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, ги именува:

- Маја Савеска
- Касам Шакири.

21. Владата за претседател, секретар и членови на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди, ги именува:

а) за претседател:
- Емилија Вељановска од Министерство за финансии

б) за секретар:
- Елена Кузманова од Министерство за финансии

в) за членови:
- Бошко Стојаноски од Државен инспекторат за земјоделство,
- Бејназ Арифи од Државен комунален инспекторат,
- Љупчо Наумовски од Дирекција за заштита и спасување,
- Насер Мемети од Центар за управување со кризи,
- Коста Лазароски од Управа за хидрометеоролошки работи
- Цвета Спасеска од Министерство за одбрана
- Рахим Амдиу од Министерство за економија
- Бобан Илиевски од Државен завод за статистика,
- д-р Голубка Нечевска-Цветановска од Институт за земјоделско инжинерство и инжинерска сеизмологија,
- Игор Василевски од Друштво за осигурување САВА осигурување АД Скопје
- Тоде Митковски од Друштво за осигурување Еуролинк.

22. Владата за членови на Управниот одбор - претставници на стручниот орган на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови, ги именува:

- Инж. Цане Петрески и
- Огњан Цигоски.

23. Владата за членови на Управниот одбор на ЈП Службен весник на Република Македонија од редот на вработените, ги именува:

- Јелица Барутовска-Темовска,
- Билјана Цветановска и
- Весна Гешков-Кувенџиска.

24. Владата ја разреши Симона Јосифовска од должноста член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

24.1. Владата за членови на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, ги именува:

- Марина Узунов
- Данчо Петров
- Мирјана Ранчанов и
- Светислав Смилков.

25. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Државниот испитен центар, ги разреши:

- Мите Стефановски и
- Лидија Кондинска.

25.1. Владата за членови на Управниот одбор на Државниот испитен центар, ги именува:

- Ајше Ајрулаи и
- Муса Зука.

26. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Центарот за образование на возрасните-претставници од Заедницата на единиците на локалната самоуправа, ги разреши:

- Изет Ризаху и
- Анета Атанасовска.

26.1. Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за образование на возрасните, ги именува:

- Виктор Арнаудоски и
- Петар Узунов.

27. Владата од должноста членови на Советот за образование на возрасните, ги разреши:

- Ајше Селмани и
- Мите Стефаноски.

27.1. Владата за членови на Советот за образование на возрасните, ги именува:

- Сеадет Јусуфи и
- Илир Мемеди.

28. Владата за членови на Управниот одбор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството-Битола, ги именува:

- Марјан Кипријановски од Факултетот за земјоделски науки и храна и
- Никола Пациновски од Институтот за сточарство.

29. Владата го именува Алтин Фетаху за член на Управниот одбор-претставник од Советот на општината на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Дебар.

30. Владата го разреши Беким Есати од должноста вршител на должноста член на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.

30.1. Владата го именува Благој Христов за член на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.

31. Владата за членови на Советот на Иститутот за акредитација на Република Македонија-Скопје, ги именува:

претставник од универзитетите
- д-р Ташко Ризов,

на предлог на телата за сообразност
- м-р Зоран Василевски и
- доц. д-р Александра Грозданова.

32. Владата го избра Александар Ранѓеловиќ за член на Надзорниот одбор на АД за транспорт Македонски железници Транспорт АД-Скопје.

33. Владата го отповика Милорад Милановиќ од должноста независен член на Надзорниот одбор на Акционерско друштво во државна сопстеност за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација (М-НАВ).

34. Владата за членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствена станица Железара, ги именува:

- Лупчо Иловски и
- Виолета Симиќ.

35. Владата за членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство „Чаир“-Скопје, ги именува:

- Билјана Додева и
- Олгица Николовска.

36. Владата за членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Република Македонија-Скопје, ги именува:

- Маја Киријас и
- Елизабета Јанчева.

37. Владата заклучи предлогот за именување на член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот да се разгледа на една од наредните седници на Владата.

## Точка 113

1. Министерот за финансии, д-р Драган Тевдовски ги информираше членовите на Владата за точниот износ за чинење на градежни работи на Проектот за изградба и реконструкција на железничката делница Битола-Кременица како дел од кракот 10 Д на коридорот 10 со крак кон Индустриската зона Жабени (17.119.000 евра) и за тоа дека Договорот за градежни работи е потпишан со избраниот понудувач Штрабаг Реел ГМБХ во конзорциум со Штрабаг АГ на 4.12.2017 година.

2. Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Резервите на Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во предложениот текст (за исплата на штета согласно евиденцијата на оштетени граѓани, настаната од силното невреме и поплавите што на 6.0.2016 година го зафатија Градот Скопје).

3. Владата ја разгледа Информацијата од одржаниот состанок на Работната група формирана со Решение на министерот за транспорт и врски со бр.02-12001/1 од 19.12.2017 година и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

Се овластува Државното правобранителство на Република Македонија да поведе постапка пред Основен суд Скопје 2 Скопје за судски депозит само на име купопродажна цена по Договор за отуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање склучен помеѓу Друштво за посредување и трговија ГЕМАК ТРАДЕ Енвер ДООЕЛ експорт-импорт Скопје и Република Македонија Министерство за транспорт и врски, Скопје, заведен под број 22-10688/1-06 од 27.6.2006 година, Договор за отуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање склучен помеѓу Друштво за посредување и трговија ГЕМАК ТРАДЕ Енвер ДООЕЛ експорт - импорт Скопје и Република Македонија Министерство за транспорт и врски, Скопје, заведен под број 22-10690/1-06 од 27.6.2006 година и Договор за отуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање склучен помеѓу Ејуп Аљими од Скопје и Република Македонија Министерство за транспорт и врски, Скопје, заведен под број 22-10582/1-06 од 27.6.2006 година.

4. Владата на предлог на Мила Царовска, министер за труд и социјална политика заклучи Заклучокот бр.26 од Извадокот од Нацрт-записникот од 40-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 28.11.2017 година, Точка 39, да се измени, во насока Министерството за економија да биде носител на активноста, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за труд и социјална политика, за спроведување на мерката за замена на стара печка на дрва за нова, за социјално загрозените граѓани и да изнајде решение за целосно покривање на трошоците за набавка истите.“

5. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 18.12.2017 година до 24.12.2017 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

6.Владата заклучи да му препорача на Државното правобранителство на Република Македонија да ги спроведе активностите потребни за разрешување на Ана Виткова, дипл. правник од ликвидатор и назначување на Коста Начевски, дипл. економист со стан на

Радишански пат-лево, бр. 17-Скопје, за ликвидатор во ТД „Македонија табак 2000“-ДОО експорт-импорт во ликвидација-Штип.

**Точка 114**

Владата го разгледа новиот текст на Финансискиот извештај за работењето на АД МЕПСО Скопје во четврт квартал (октомври-декември) од 2016 година, како материјал за информирање, со следниве укажувања:

- АД МЕПСО-Скопје во иднина да се ограничи на финансирање на активности директно поврзани со неговото работење, односно да не прави расходи за активности кои не се во рамките на неговата надлежност и

- АД МЕПСО-Скопје во иднина да одржува ликвидност и финансиска стабилност на Друштвото, со цел навремено и континуирано извршување на своите обврски.

**Точка 115**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и активностите за реализација на проектот „Изградба на катни гаражи“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да подготви и во рок еден месец до Владата да достави анализа за ликвидноста на претпријатието за 2018 година.

**Точка 116**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на активностите за реализација на проектот „Изградба на административна зграда за потребите на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје“, со дополнувањето кон неа, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје да оствари средба со надлежната Банка кредитор, со цел промена на заложно право на недвижен имот помеѓу Халкбанка АД Скопје и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, за изградба на проектот Објект Државни институции ГП 7.1.1 ДУП Централно градско подрачје на Град Скопје - мал Ринг во Скопје и користење на средства за други инвестиции и тековно работење, согласно потребите на Акционерското друштво и за тоа да информира на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

На седницата да бидат поканети и членовите на Одборот на директори на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

2. Се задолжува АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје во рок од 30 дена да подговти и до Владата да достави

извештај за можноста за наплата на пенали за непочитување на роковите од страна на изведувачот, согласно Договорот, како и за причините поради кои е настанато доцнењето во реализацијата на Проектот.

**Точка 117**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Одлуката бр.02-9983/4 од 3.11.2017 година, донесена од Одборот на Директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 118**

Владата ја разгледа Информацијата за потребите за микрочипирање (идентификација) на домашните миленици и нивно регистрирање во информациониот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство, како материјал за информирање.

**Точка 119**

Владата ја разгледа Информацијата за извршените контроли за квалитетот на детските играчки кои се продаваат на територијата на Република Македонија, за втор квартал од 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 120**

Владата ја разгледа Информацијата за извршените контроли за квалитетот на детските играчки кои се продаваат на територијата на Република Македонија за трет квартал од 2017 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Државниот санитарен и здравствен инспекторат при доставување на наредната информација за извршените контроли (редовни и вонредни) за квалитетот на детските играчки кои се продаваат на територијата на Република Македонија за четвртиот квартал од 2017 година да ја информира Владата и за изменувањето на соодветните правилници во однос на начинот на земање на мострите.

**Точка 121**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за реализација на мониторинг програми од областа на здравјето на растенијата во 2016 година (семенски и меркантилен компир, овошни видови и винова лоза, градинарски култури на отворено и во затворен простор и тутун), како материјал за информирање.

**Точка 122**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес во врска со имплементацијата на Акцискиот план за периодот 1 јануари - 31 декември 2017 година, за прием на барања и издавање на пасоши преку дипломатско - конзуларните претставништва на Република Македонија во Мелбурн, Канбера, Чикаго, Њујорк, Детроит, Торонто, Берлин, Бон, Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим, Венеција, Виена и Љубљана, за период 1 јануари - 20 септември 2017 година, како материјал за информирање.

## Точка 123

Владата ја разгледа Информацијата со Акциски план за текот и прогресот на активностите во врска со Проектот-Изградба на амбуланта во населено место Секирци, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за здравство во иднина да не доставува до Владата информации за прогресот на активностите во врска со Проектот-Изградба на амбуланта во населено место Секирци.

## Точка 124

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализацијата на листата на акти и материјали коишто министерствата согласно закон се обврзаа да ги објават на своите веб-страници и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, Министерството за транспорт и врски и Министерството за локална самоуправа, веднаш во целост да ја објават листата на акти и материјали, предвидени согласно Заклучокот од 34-та седница на Владата, одржана на 31.10.2017 година, точка 1.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, заклучно со 10 јануари 2018 година, до Секторот за односи со јавноста во Владата на Република Македонија, да достави листа на органи коишто се во состав на министерствата, други органи на државната управа, јавни претпријатија основани од Владата на Република Македонија, агенции и фондови, како и акционерски друштва во државна сопственост, категоризирани според основот и видот како се основани.

## Точка 125

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, по скратена постапка, го утврди како Предлог-закон за изменување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии, Ејдина Рахмани, директор на Управата за имотно - правни работи и Валентина Димитровска, раководител на сектор во Управата за имотно - правни работи.

**Точка 126**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Општина Ранковце кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, со текст на Договор за кредит и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за задолжување на Општина Ранковце со краткорочен кредит кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, во предложениот текст.

**Точка 127**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Општина Босилово кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, со Предлог-одлука и текст на Договор за кредит, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за задолжување на Општина Босилово со долгорочен кредит кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, во предложениот текст.

**Точка 128**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за ослободување од обврска за користење на интегриран автоматски систем за управување на вршителите на авто-такси превоз на патници, во предложениот текст.

**Точка 129**

Владата го разгледа Извештајот за спроведување на Законот за субвенционирање на станбен кредит, со Предлог-одлука за времетраењето на јавниот повик и бројот на јавни повици за пријавување на граѓани за добивање субвенциониран станбен кредит во 2018 година, го усвои и ја донесе Одлуката за времетраењето на јавниот повик и бројот на јавни повици за пријавување на граѓани за добивање субвенциониран станбен кредит во 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 130**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата во врска со поднесеното барање на ТХОР ИМПЕКС ДООЕЛ, Скопје за издавање на овластување за изградба на ветерна електрана „Богословец“.

**Точка 131**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Анекс на Договор, во предложениот текст.

**Точка 132**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од основање нова национална установа „Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Македонија“-Скопје, ја усвои и го задолжи Министерството за култура, во рок од 30 дена да подготви и до Владата да достави Предлог-одлука за основање Национална установа „Анасамбл за албански народни ора и песни во Република Македонија “- Скопје.

## Точка 133

Владата го разгледа и усвои новиот текст на Годишниот извештај за спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија за 2016 година, имајќи го предвид позитивното Мислење на Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 18:35 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**